**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 4
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 2 – работа со текст
**Наставна содржина:** Уредување на текст
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за манипулација со делови на текст
**Очекувани резултати:** Врши модификации на пасус и набројување во текст
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, работа во парови, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, модифицира пасус

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Се објаснува за двата начини на кои може да се отвори датотека. Се отвора датотеката снимена на претходниот час на еден од опишаните начини.
**Учечко - поучувачки активности:** Се дискутира што е пасус (текстот помеѓу еден ENTER и наредниот ENTER). Сакаме да направиме модификации на одреден пасус. Што треба најпрво да направиме со тој дел од текстот? Какви модификации на пасусот можеме да направиме? (да смениме порамнување – лево, десно, во центар и двострано, да смениме проред – растојание помеѓу линиите, да правиме набројување во текст – со точки или броеви).



- Голем дел од модификациите и за пасус ги има на алатникот за форматирање, кој ако не е прикажан, се активира на Приказ – Алатници – Форматирање.
- Сите наредби за модификации на пасус ги има и во дијалог прозорецот кој се наоѓа на Форматирај – Пасус... организирани во осум јазичиња.
- Сите наредби за набројување во текст ги има и во дијалог прозорецот кој се наоѓа на Форматирај – Точки и нумерирање... организирани во пет јазичиња. За нас е важно јазичето Точки преку кое може да дефинираме со какви знаци се врши набројувањето и Тип на нумерирање, преку кое може да го дефинираме форматот на броеви со кои се врши набројувањето.
- Дополнителен начин за доаѓање до наредбите пасус и набројување во текст е врз селектираниот текст да се кликне десен клик, со што се добива мени со овие наредби. Во ова мени се наоѓа и командата Пасус... и Нумерирање/точки...

АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Учениците работат во парови. Со задавање одредени барања, вежбаат модификации на пасусот и набројување во текст.

- насловот да биде во средина,
- првата строфа да биде лево центрирана,
- втората строфа да биде десно центрирана,
- проредот на првата строфа да биде двоен,
- втората строфа да биде вовлечена од лево,
- секој пасус од првата строфа да почнува со точка (да се изврши набројување во текст со знаци - точки),
- секој пасус од втората строфа да почнува со броеви 1, 2 и 3 (да се изврши набројување во текст со броеви).

На крај од активноста документот се зачувува.

**Активности за евалуација:** Дискусија за видови модификации на пасусот и видови набројување во текст.

obrazovanie.literatura.mk